# ИЗВЕШТАЈ ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ ЗА 2019 ГОДИНА

## 1. Податоци за избраната Програма

**Име на програмата:** НА Развој и имплементација на ИКТ проекти

**Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:**

Сектор за развој на информатичко општество

**Вид на програмата**

- ☐ **Хоризонтална**
- ☐ Вертикална

**Поврзаноста на програмата со стратешките политики, документи во односната сфера и со политиките и стратегиите за родова еднаквост:**

Индустријата за информатичко-комуникациските технологии (ИКТ) е несомненоедна од најбрзо растечките индустриии и претставува пазар на кој побарувачката на работната сила е во континуиран пораст. Да се приближат предностите на информатичко-комуникациските технологии на жениете е една од заложбите на Владата на Република Македонија.За овозможување на еднакви можности на жените и мажите во однос на приближување на информатичката технологија, Владата на Република Македонија во континуитет спроведува активности чија што цел е да се придонесе за понатамошен развој на Република Македонија како современо и модерно информатичко општество.

Од друга страна, активно и посветено се работи на унапредување на родовата рамноправност и подобрување на ефективноста на политиките ипрограмите во сите сфери на општественото живеење. Со усвојувањето на Законот за еднакви можности на мажите и жените, Стратегија за радова еднаквост 2013-

2020 и Стратегија за воведување на радово одговорно буџетирање во Република Македонија 2012-2017 се дефинирани основните постулати и стратешки определби за еднакво учество на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот живот, еднаков статус и третман во остварувањето на нивните права, како и еднакви придобивки од политиките и програмите.

## 2. Вовед

Согласно со членот 11од Законот за еднакви можности на жените и мажите: "Органите на државната управа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети, да го инкорпорираат принципот на еднакви можности на жените и мажите; да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи„. Во таа насока Министерството за информатичко општество и администрација ја вклучува родовата компонента во процесите на планирање и буџетирање на програмите и проектите. Министерството за информатичко општество и администрација во делот на своите надлежности, а во насока на приближување на информатичко комуникациските технологии кон граѓаните спроведува низа на активности кои се поврзани со проектот "Светот на дланка- бесплатни интернет клубови", но и со една од своите основни надлежности - реформата на администрацијата, каде ја вклучува родовата перспектива во процесот на зајакнување на знаењата и компетенциите на административните службеници од обласа на родовата еднаквост.

## 3. Позадина/контекст

Министерството за информатичко оопштество во доменот на делокругот на надлежностите, почитувајќи ја законската регулатива и меѓународните документи, се грижи за развојот и промоцијата на информатичкото општество и тоа под услови достапни за сите, без дискриминација, со промоција на еднаквоста и еднаквите можности, но и со посебни поттикнување на девојките за нивно поголемо учество во ИКТ. Во таа насока, во рамки на родово буџетска анализа која ја спроведува министерството во период од три години 2015-2017 беа предложени

неколку активности преку кои сеочекува да се зголемат благодетите од комуникациско информатичката технологија за сите граѓани без разлика на полот, возраста, етничката припадност или било кој друг основ што може да направи разлика. Предложените интервенции се однесуваа на:

1. Водење на родово разделена статистика. Потребно е сите податоци достапни за посетителите на интернет клубовите да бидат разделени по пол, како би можело врз основа на овие статистки да се прават анализи и да се креираат програми, мерки и препораки за зголемување на учеството на девојките во ИКТ;
2. Спроведување на бесплатни обуки за стекнување со ИКТ вештини, наменети исклучиво за жени, со цел зголемување на бројот на жени со знаења и вештини за основните ИКТ вештини.

Министерството за информатичко општество и администрација го води Системот за управување со учењето (LMS), кое претставува веб базирано решение преку кое вработените во институциите следат генерички и специјалистички е-обуки. Системот е развиен и во функција уште од 2014 година, и на него се поставени повеќе од 20 е-обуки кои ги имаат посетувано вработени од органите на државната управа но и општините. Обуките на вработените се дел од редовното работење на јавната админситрација, и постојаното функционирање и надградбата на Системот со нови функционалности и нови е-обуки е начин да се обезбеди пристап до обуки на вработените од било каде и било кога.

Во таа насока МИОА во соработка со Министерството за труд и социјална политика во 2017 година, презедоа иницијатива за унапредување на знаењата за родовата еднаквост на административните службеници.

Министерството за труд и социјална политика со поддршка на UN Women и ангажирани експерти, изработи два модула за електронско учење (основен и напреден) наменети за зајакнување на знаењата на вработените во администрацијата за прашањата од областа на родовата еднаквост. Обврската за изработката на модулите за родова еднаквост произлегува од Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020 и Акцискиот план за родова еднаквост 2013-2016 преку кој се имплементира Стратегијата. Во специфичната стратешка цел 1.1: Обезбедена системска поддршка за интегрирање на родовите прашања во политиките и финансиските инструменти согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите, е предвидена активноста 1.1. Развивање и вклучување на модул за родова еднаквост во Постојната програма за континуирана едукација на администрацијата.

Е-обуката за родова еднаквост ја има токму ова функција, препознавање на важноста на родовата еднаквост како концепт и подигање на свеста за оваа прашање на државната администрација. Откако беа изработени модулите, истите беа тестирани од страна на Министерството за информатичко општество и администрација за нивната компатибилност со електронскиот систем за управување со учењето (СУУ/LMS). Тестот покажал дека модулите се компатибилни и се поставени и се користат од страна на административните службеници.

Во периодот 2018 – 2019 година, Е-обуката за родова еднаквост (основно и напредно ниво) е достапна во Електронскиот систем за управување со учењето (СУУ/LMS). Интенцијата е секој вработен во администрацијата задолжително да ја заврши Е-обуката за родова еднаквост која е предвидена во две фази. Како во 2018 година, така и во 2019 активностите се реализираат согласно предвидениот тек. Во првата фаза се задолжија административните службеници вработени во органите на државната управа и им се препорача на вработените во единиците на локалната самоуправа да ги проследат Е-модулите за родова еднаквост. Во врска со втората фаза –им се препорача на сите институции од јавниот сектор да ги задолжат своите вработени да ја проследат споменатата обука во текот на 2019 година, која исто така се одвива во рамките на предвиденото.

## 4. Остварени резултати, промени и влијанија (се следат почетните состојби и индикаторите кои укажуваат на промени)

Министерството за информатичко општество и администрација и во иднина планира да ги спроведува активностите во рамките на проектот „Светот на дланка” - во бесплатни интернет клубови, кои се наменети за користење на бесплатен интернет за сите граѓани без разлика на пол, возраст, национална или етничка припадност.

Од податоците кои ги поседува министерството за посетеноста на интернет клубовите, може да се забележи дека постои голема дискрепанца помеѓу бројот на посетители од двата пола. Имено, бројот на женски посетители на интернет клубовите е значително помал, додека од одредени делови на земјава, таа разлика е дотолку драстична, што воопшто нема посетители од женски пол.

Анализата на податоците за посетеноста на интернет клубовите на цела територија на Република Македонија ги покажува следните резултати:

Во 2019 година, во 23 интернет клубови имало вкупно 76.298 посетители. Од нив 60.259 биле мажи, и 16.039 посетители – жени од вкупната посетеност на интернет клубовите.

Од податоците кои ги поседуваа МИОА за посетеноста на интернет клубовите, може да се забележи дека постои голема дискрепанца помеѓу бројот на посетители од двата пола. Имено, бројот на женски посетители на интернет клубовите е значително помал, додека од одредени делови на земјава, таа разлика е дотолку драстична, што воопшто нема посетители од женски пол.

Овие податоци се исто така поделени и според возразни групи на мажи и жени посетители на интернет клубовите и во иднина ќе бидат искористени како значаен индикатор за подобрување на пристапноста до ИКТ услуги за специфични групи граѓани според нивната возраст. (Прилог 1).

Е-обуката за родова еднаквост на државната администрација, ја има токму ова функција, препознавање на важноста на родовата еднаквост како концепт и подигање на свеста за оваа прашање.

Како добар податок е посетеноста на Е-обуката за Родова еднаквост заклучно со декември 2018 година состојбата е следната:

1. Основно ниво- 1583 корисници целосно ја завршиле обуката, а 8120 корисници сеуште ја следат.

2. Напредно ниво - 1584 корисници целосно ја завршиле обуката, а 7175 исници сеуште ја следат.

***Податоци за бројот на корисници кои ја завршиле обуката во 2019 година, сеуште немаме бидејќи се работи на надградбата на базата. Од тие причини податокот дополнително ќе биде доставен.***

## 5. Анализа на буџетски алокации

За спроведување на активностите со кои се промовираше поголемата достапност на ИКТ до сите граѓани без разлика на полот, возраста и друга било каква разлика

беа предвидени 300.000,00 денари, од Буџет на Министерството за информатичко општество и администрација, но не се реализираа.

Министерството за информатичко општество и администрација, предвиде буџетски средства за набавка на Одржување на LMS (Систем за управување со учењето), во вкупна вредност од 1.200.000,00денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 600.000,00денари во 2020 година
- 600.000,00денари во 2021 година

## 6. Тесни грла и научени лекции

Непостоењето на родова статистика и можност за вкрстување на податоците по повеќе основи ја ограничува можноста за подлабока анализа за причините на малото учество на жените во ИКТ секторот, за нивното мало присуство во интернет клубовите и останатите аспекти кои ќе овозможат да се креираат идните политики насочени кон намалување на овој јаз помеѓу жените и мажите. Родовата статистика е неопходна и затоа во идниот период ќе се направат напори оваа да се спроведе и да стане обврска не само во интернет клубовите туку и пошироко во системот на прибирање на податоци со кои располага Министерството за информатичко општество и администрација, но со оглед на тоа што една од надлежностите на МИОА е обука на административните службеници, во наредниот период ќе се креира нова програма за родовата буџетска анализа за реализацијата на Е – обуката за родова еднаквост на административните службеници.

## 7. Заклучоци и препораки

Во текот на спроведување на родовата буџетска анализа постигнати се позитивни резултати кои придонесоа кон можност за водење на родова статистика и можност за вкрстување на податоците по повеќе основи кои ја ограничува можноста за подлабока анализа за причините на малото учество на жените во ИКТ секторот, за нивното мало присуство во интернет клубовите.

Имајќи ја предвид заложбата на Владата на РСМ за подигнување на свеста за областа на родовата еднаквост помеѓу сите вработени во државната администрација, се очекува периодот за реализацијата на Е – обуката за родова еднаквост да заземе се поголеми размери. За непречено и успешно спроведување на Е-обуката за родова еднаквост, а соодветно на капацитетите на Електронскиот систем за управување со учењето (СУУ/LMS), активноста ќе продолжи и во текот

на 2020 година. Овде наведеното е со цел да се постигне позитивен ефект во целосното спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020.
Со надградбата на Електронскиот систем за управување со учењето ќе се обезбеди тековно одржување и негово проширување со приклучувања на нови институции, додавање на нови функционалности и нови е-обуки. Со ова ќе се зголеми бројот на е-обуки достапни до вработените како и централно мониторирање на посетеноста на е-обуките.

Надградбата на Електронскиот систем за управување со учењето ќе го зголеми процентот на административни службеници кои ќе ја завршат е – обуката за еднакви можности од вкупниот број на вработени административни службеници во институциите во Република Северна Македонија.

Како добар податок е посетеноста на Е-обуката за Родова еднаквост заклучно со декември 2018 година состојбата е следната:

1. Основно ниво- 1583 корисници целосно ја завршиле обуката, а 8120 корисници сеуште ја следат.

2. Напредно ниво - 1584 корисници целосно ја завршиле обуката, а 7176 исници сеуште ја следат.

***Податоци за бројот на корисници кои ја завршиле обуката во 2019 година, сеуште немаме бидејќи се работи на надградбата на базата. Од тие причини податокот дополнително ќе биде доставен.***

Во следниот период планирано е да се превземат активности за набавка и оддржување на LMS (Систем за управување со учењето), со што ќе се овозможи подобра пристапност на институциите до Е- обуките, со цел да се зголеми бројот на административни службеници кои ќе ја поминат е – обуката за еднакви можности, а со тоа да се стекнат со поголеми познавања од областа на еднаквите можности.

**Одобрил:**

Александар Бајдевски
Заменик министер